

СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

на општина Новаци

Број 12/18

Излегува по потреба- 08.08-2018 година. Среда-Бр.12, година XXII
.Ж-ска 749014004563010 Депонент Народна банка на Македонија;
E-mail: Novacio@t.mk Примерок 50 денари

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за измена на распоредот на средства на Буџетот на општина Новаци за 2018 година

1. Објавувам Одлука за измена на распоредот на средства на Буџетот на општина Новаци за 2018 година, донесено на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 03.08.2018 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, и ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-710/1
07.08.2018 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

14-692/4
03.08.2018

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а во врска со член 31 од Законот за буџетите („Службен весник на РМ" бр. 54/05, 04/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12 и 192/15), Советот на Новаци на 16-та седница, одржана на 03.08.2018 година, ја донесе следнава:

О Д Л У К А

за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Новаци за 2018 година

Член 1

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Новаци за 2018 година на следниов начин:

	Буџет	Самоф.	Донации	Дотации	Кредити
А00 Совет на општина					
401320 Персонален дан. на доход над.	**50.000**				
412110 Постојана резерва (неп расхо)	**-5.000**				
471110 Социјална парична помош	**100.000**				
Д00 Градоначалник					
404110 Надомест за годишен одмор	**5.000**				
Е00 Општинска администрација					
480190 Купување на друга опрема	**170.000**				
491110 Отп. на главнина по долг.зае	**1.414.500**				
Ф10 Урбанистичко планирање					
425640 Изр. на просторни и урба.пла.	**-170.000**				
Г10 Поддршка на локален економски развој					
464990 Други трансфери	**-50.000**				
ЈД0 Изградба и реконструкција на локални патишта					
482120 Изгр. на ули,патишта и авто .-1	**.414.500**				
РА0 Заштита на животна средина и природа					
482920 Изградба на други објекти	**-100.000**				

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„ и станува составен дел на Буџетот на општината за 2018 година.

Претседавач на Советот на општина Новаци
Наумче Смилевски

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација

1. Објавувам Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација, донесено на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 03.08.2018 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, и ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-710/2 ОпштинаНоваци
07.08.2018 год. Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 21 став 1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци бр. 5/02г), а во согласност со член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Р.М.г бр. 56 од 15.04.2011година , 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15, 52/16), Советот на Општина Новаци на седницата која се одржа на ден 03.08.2018 година ја донесе следната

ОДЛУКА
за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација

Член 1

СЕ ОДОБРУВА вклопување на бесправно изградениот објект бр.7 куќа, опишан во Геодетскиот елаборат за геодетски работи за посебни намени , изработен од ДООЕЛ Гео Ленд со бр. 01-285/3-13 од 08,04,2013 година, изградена на **КП 1106 КО Горно Агларци** во идната урбанистичко-планска документација за село Горно Агларци, по барање на **Боне Петковски од с. Горно Агларци, со бр.Уп1 09-49 од 28,06,2018 година.**

Член 2

За с. Горно Агларци Општина Новаци нема изработено урбанистичко-планска документација.

Доколку барателот , пред донесување на идна урбанистичко-планска документација од страна на Општина Новаци , поднесе барање за издавање на одобрение за градење за градба на предметната парцела должен е за своја сметка да го спроведе изработувањето и донесувањето на соодветна урбанистичко планска документација.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци.

Бр.14-697/5 Совет на општина Новаци
03.08.2018 год. Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација и промена на намената

1. Објавувам Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација и промена на намената, донесено на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 03.08.2018 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, и ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-710/3 ОпштинаНоваци
07.08.2018 год. Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 21 став 1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци бр. 5/02г), а во согласност со Правилник за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Р.М.г бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14 ,65/15, 217/5,52/16 година), Советот на Општина Новаци на седницата која се одржа на ден 03.08.2018 година да ја донесе следната

ОДЛУКА

за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација и промена на намената

Член 1

СЕ ОДОБРУВА вклопување на бесправно изградени објекти бр. 1 индивидуална семејна куќа изградена на КП бр. 1537/2 , бр. 2 индивидуална семејна куќа изградена на КП 1537/2 и дел на КП бр. 1537/1 КО Новаци и објекти бр. 5 и 6 помошен објект и гаража во КО Новаци изградени на КП бр. 1537/1 КО Новаци , опишани во Геодетскиот елаборат за геодетски работи за посебни намени , изработен од ДОО Тера Геодет Битола со бр. 08-226/8-18 од 18,06,2018 година, во идната урбанистичко-планска документација за село Новаци , по барање на Љупчо Стојановски од Новаци со бр. Уп1 09-25 од 19,06,2018 година .

Член 2

Согласно постоечкиот Општ акт за село Новаци У01-09/14 од 09/2014, Одлука на Совет на општина Новаци 07-838/15 од 27-10-2014, објектите бр. 1 и 2 се наоѓаат во зона со намена домување а објектите бр. 5 и 6 на КП КП 1537/1 КО Новаци се наоѓа во зона со намена Д-3 спорт и рекреација .

Со оваа одлука ќе се изврши промена на намената од зона со намена Д-3 спорт и рекреација во А- домување во идната урбанистичко планска документација.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.14-697/6 Совет на општина Новаци
03.08.2018 год. Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за одобрување набавка на градежни материјали за Месна Заедница с.Зовиќ

1. Објавувам Одлука за одобрување набавка на градежни материјали за Месна Заедница с.Зовиќ, донесено на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 03.08.2018 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, и ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-710/4 ОпштинаНоваци
07.08.2018 год. Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа член 36, став 1, точка 15, од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/02), а во согласност со член 21 став 1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци бр. 5/02„), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 03-08-2018 година ја донесе следната

О Д Л У К А
за одобрување набавка на градежни материјали за Месна Заедница с.Зовиќ

Член 1

СЕ ОДОБРУВА набавка на градежни материјали за Месна Заедница с.Зовиќ (две цевки Ф-400-6м)

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци за 2018 година.

Член 3

Градежните материјали да се набават во согласност со Законот за јавни набавки.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, и ќе се објави во („Службен гласник ња Општина Новаци„).

Бр.14-697/7 Совет на општина Новаци
03.08.2018 год. Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за сопствено учество на Општина Новаци во Програмата Општинско-корисна работа „Учиме Заедно II„

1. Објавувам Одлука за сопствено учество на Општина Новаци во Програмата Општинско-корисна работа „Учиме Заедно II„, донесено на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 03.08.2018 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, и ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-710/5
07.08.2018 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа член 36, став 1, точка 15, од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/02), а во согласност со член 21 став 1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци бр. 5/02„), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 03-08-2018 година ја донесе следната

О Д Л У К А

за сопствено учество на Општина Новаци во Програмата Општинско-корисна работа „Учиме Заедно II„

Член 1

Со ова Одлука се регулира сопственото учество на Општина Новаци во Програмата Општинско-корисна работа „Учиме Заедно II„

Општина Новаци ќе учествува со сопствени средства во износ од **36.000,00 денари.**

Член 2

Средствата од член 1 на ова Одлука ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци за 2018 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во „Службен гласник ѝа Општина Новаци„.

Бр.14-697/8
03.08.2018 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Измена на Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Новаци за 2018 година

1. Објавувам Измена на Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Новаци за 2018 година , донесено на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 03.08.2018 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, и ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-710/6
07.08.2018 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа член 22, став 1, точка 1, од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/02), член 15 став 1 точка 1 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци„ бр. 5/02) а во согласност со член 20 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 199/14 и 44/15), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 03.08.2018 година донесе:

ИЗМЕНИ НА ПРОГРАМАТА

за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Новаци

за 2018година –

Со цел излегување во пресрет на барањата и потребите на локалното население предлагаме Годишната програма за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Новаци за 2018година да се дополни со изработка на

Проект за инфраструктура за изградба на локален пат рег. пат Р511 – крстосница с. Старавина – с. Будимирци до манастир Св. Атанас., Општина Новаци

ВОВЕД

Планирањето е основа за создавање на единствена реална функционална целина, преку која се овозможува и отворање на нови локации за: домување, комерцијални и деловни намени, јавни институции, производство, дистрибуција и сервиси и зеленило и рекреација.
Планирањето се овозможува преку:

- Изработка на Урбанистички планови за село
- Изработка на урбанистичко планска документација
- Локална урбанистичка планска документација
- Проекти за инфраструктура
- Архитектонско урбанистички проект

ПЛАНИРАЊЕ

Врз основа на годишната програма за изработка на плановите, општината (нарачателот на планот) склучува договор со овластена организација за изработка на урбанистички планови. Со договорот се утврдува содржината на планот (програма), роковите за изработка, начинот на плаќање и други права и обврски на нарачателот и изработувачот на планот.
Финансирањето на урбанистичките планови се планира да се обезбеди со:

- Средства од надомест за уредување на градежно земјиште
- Средства од надомест за уредување на градежно земјиште и од самофинансирање на од заинтересирани правни и физички лица

- Самофинансирање од правни и физички лица
- Агенција за финансиска подршка на земјоделието и рурален развој
- Средства од утврдување на правен статус на бесправни градби
- Буџет на Општина Новаци и други извори

За 2018 година се предлага изработка на следните планови:

УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

1. Урбанистичко планска документација за изградба на автокамп
2. Урбанистичко планска документација за изградба на туристичка развојна зона

ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

1. ЛУПД за изградба на Индустриска зона со намена Г2 – лесна и незагадувачка индустрија на дел од КП 1394/1 КО Новаци, с. Новаци
2. ЛУПД за изградба на намена ДЗ – спорт и рекреација на КП 486 и дел од КП 487 КО Скочивир

ПРОЕКТИ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА

1. Проект за инфраструктура за изградба на цевковод за водоснабдување на с. Живојно и с. Добровени
2. Проект за инфраструктура за изградба на фекална канализација за с. Добромири
3. Проект за инфраструктура за изградба на фекална канализација за с. Рибарци
4. Проект за инфраструктура за изградба на фекална канализација за с. Гермијан
5. Проект за инфраструктура за изградба на фекална канализација за село Бач
6. Проект за инфраструктура за изградба на систем за наводнување со придружни објекти на река Елешка, КО Гермијан, Општина Новаци
7. Проект за инфраструктура за изведба на сообраќаен приклучок на улица дел од регионалниот пат Р 1311, КО Новаци, со цел да се дефинира сообраќајниот пристап до парцелата.
8. Проект за инфраструктура за изградба на атмосферска канализација (кај фудбалско игралиште) во село Новаци, КО Новаци
9. Проект за инфрастуктура за сообраќаен приклучок на градежна парцела на КП1513/1 и КП1513/2 КО Новаци за намена Е2-комунална супраструктура
10. **Проект за инфраструктура за изградба на локален пат рег. пат Р511 – крстосница с. Старавина – с. Будимирци до манастир Св. Атанас.**

АРХИТЕКТОНСКО УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

1. АРХИТЕКТОНСКО УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ИЗГРАДБА НА Ф-КА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЦО2, МИНЕРАЛНА ВОДА И ЕКСТРАКТИ ОД ТРЕВИ И БИЛКИ ЗА КП БР. 876 И ДЕЛ ОД КП 877, М.В. ДЕЛОВИ, ОПШТИНА НОВАЦИ
2. АУП за формирање на градежна парцела на КП 1513/1 КП 1513/2 КО Новаци за намена Е2 – комунална супраструктура (бензинска станица со придружни содржини) – согласно Општ акт за село Новаци
3. АУП за комплекс стопански двор „Родопи котон" во с. Гермијан, Општина Новаци (согласно Урбанистички проект за комплекс на стопански двор „Родопи котон" село Гермијан, битолско, Министерство за транспорт и врски Подрачна единица Битола, УП.бр. 14-995-1/2000 од 29,01,2001

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

1. УПС за село Добромири
2. УПС за село Бач
3. УПС за село Далбеговци
4. УПС за село Горно Агларци
5. УПС за село Долно Агларци
6. УПС за село Новаци
7. УПС за село Гермијан
8. УПС за село Живојно
9. УПС за село Рибарци

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Пред склучување на договорот со изготвувачот на планот, потребно е да му се достави Проектна програма која ќе ги содржи сите програмски насоки, потреби и функции, кои планот треба да ги содржи. Ова е со цел да се добијат квалитетни планови, истовремено и планови кои несметано ќе се реализираат.
Цената на плановите се пресметува по хектар од испланираната површина, по договор со правниот субјект – фирмата регистрирана за изработка на урбанистички планови, по пат на јавна набавка, согласно Законот за јавни набавки.
Во зависност од потребите, оваа програма може да се изменува и дополнува, со претходна согласност на Советот на Општина Новаци.
Оваа програма влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен гласник на Општина Новаци.

Совет на Општина Новаци

Претседател

Наумче Смилевски

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за учество со проект финансиран од Европска Унија, администриран од Светска Банка - Проект за локална и регионална конкурентност, Повик за изразување на интерес, Инвестиции на под-грантови во инфраструктура поврзана со туризмот и поврзувања во дестинациите LRCP – 1/18 и негова имплементација.

1. Објавувам Одлука за учество со проект финансиран од Европска Унија, администриран од Светска Банка - Проект за локална и регионална конкурентност, Повик за изразување на интерес, Инвестиции на под-грантови во инфраструктура поврзана со туризмот и поврзувања во дестинациите LRCP – 1/18 и негова имплементација, донесено на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 03.08.2018 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, и ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-710/7
07.08.2018 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр5/02), член 21 и 46 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.05/2002), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 03.08.2018 година, донесе

ОДЛУКА

за учество со проект финансиран од Европска Унија, администриран од Светска Банка - Проект за локална и регионална конкурентност, Повик за изразување на интерес, Инвестиции на под-грантови во инфраструктура поврзана со туризмот и поврзувања во дестинациите LRCP – 1/18 и негова имплементација.

Член 1

СЕ ОДОБРУВА учество со проект финансиран од Европска Унија, администриран од Светска Банка - Проект за локална и регионална конкурентност, Повик за изразување на интерес, Инвестиции на под-грантови во инфраструктура поврзана со туризмот и поврзувања во дестинациите LRCP – 1/18 (проект “Туризмот во општина Новаци – развој и промоција на историски туристички капацитети од Првата Светска Војна”) и негова имплементација

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во “Службен гласник на општина Новаци”.

Бр.14-697/10
03.08.2018 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за одобрување на финансиски придонес во проект финансиран од Европска Унија, администриран од Светска Банка – Проект за локална и регинална конкурентност (ПЛРК), повик за изразување на интерес "Инвестиции на подгрантови во инфраструктура поврзана со туризмот и поврзувања во дестинациите", бр. LRCP – 1/18

1. Објавувам Одлука за одобрување на финансиски придонес во проект финансиран од Европска Унија, администриран од Светска Банка – Проект за локална и регинална конкурентност (ПЛРК), повик за изразување на интерес "Инвестиции на подгрантови во инфраструктура поврзана со туризмот и поврзувања во дестинациите", бр. LRCP – 1/18, донесено на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 03.08.2018 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, и ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-710/8
07.08.2018 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр5/02), член 21 и 46 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.05/2002), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 03.08.2018 година, донесе

ОДЛУКА

За одобрување на финансиски придонес во проект финансиран од Европска Унија, администриран од Светска Банка – Проект за локална и регинална конкурентност (ПЛРК), повик за изразување на интерес "Инвестиции на подгрантови во инфраструктура поврзана со туризмот и поврзувања во дестинациите", бр. LRCP – 1/18

Член 1

СЕ ОДОБРУВА финансиски придонес во проект финансиран од Европска Унија, администриран од Светска Банка – Проект за локална и регинална конкурентност (ПЛРК), повик за изразување на интерес "Инвестиции на подгрантови во инфраструктура поврзана со туризмот и поврзувања во дестинациите", бр. LRCP – 1/18 (Проект "Туризмот во општина Новаци – Развој и промоција на историско туристички капацитети од Првата Светска војна" во износ од 3.130.304,92 денари.

Вкупна вредност на проектот е 40.560.767,02 денари.

Партнери на општина Новаци во овој проект се:

- Центар за граѓанска иницијатива – Прилеп со учество од 462.692,00 денари
- АЛДА – Скопје со учество од 463.080,00 денари

Член 2

Одлуката стапува во сила со денот на донесување и ќе се објави во "Службен гласник на општина Новаци".Со влегување во сила на ова одлука престанува да важи одлука бр.14-592/14од 19.06.2018 година

Бр.14-697/11
03.08.2018 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за одобрување на Финансиска програма за 2018/2019 година од ЗФК „Новаци 2005„Новаци(есенски дел) и за доделување на средства на ЗФК„Новаци-2005„ Новаци за Есенска полусезона во Трета Македонска фудбалска лига на Македонија за 2018/2019 година

1. Објавувам Одлука за одобрување на Финансиска програма за 2018/2019 година од ЗФК „Новаци 2005„Новаци(есенски дел) и за доделување на средства на ЗФК„Новаци-2005„ Новаци за Есенска полусезона во Трета Македонска фудбалска лига на Македонија за 2018/2019 година , донесено на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 03.08.2018 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, и ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-710/9
07.08.2018 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/02), член 21 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци бр. 5/02„), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 03.08.2018 година, донесе

О Д Л У К А

За одобрување на Финансиска програма за 2018/2019 година од ЗФК „Новаци 2005„Новаци(есенски дел) и за доделување на средства на ЗФК„Новаци-2005„ Новаци за Есенска полусезона во Трета Македонска фудбалска лига на Македонија за 2018/2019 година

Член 1

СЕ ОДОБРУВА Финансиска програма за 2018/2019 година-есенски дел, од ЗФК „Новаци 2005„ Новаци, бр.01/018 од 09.07.2018 година(наш број 15-639/1 од 09.07.2018 година.

Член 2

СЕ ОДОБРУВААТ средства во износ од **400.000,00 денари** на ЗФК „Новаци-2005„ Новаци, за Есенска полусезона 2018/2019 година, во Трета Македонска фудбалска лига на Македонија.

Член 3

Средствата од член 1 на ова Одлука ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци за 2018 година.

Средствата ќе се исплаќаат со посебно решение од градоначалникот на Општина Новаци.

За искористените средства редовно да се доставува извештај до општина Новаци.

Член 4

Средствата да се префрлат на име ЗФК„Новаци-2005„ Новаци со ж-ска:

200002273548072, даночен број 4002005168284, депонент Стопанска банка Скопје.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.14-697/12 Совет на општина Новаци
03.08.2018 год. Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за давање Согласност на Јавното Претпријатие за Комунални Дејности „Комунална Хигиена„ Новаци-општина Новаци за земање на кредит

1. Објавувам Одлука за давање Согласност на Јавното Претпријатие за Комунални Дејности „Комунална Хигиена„ Новаци-општина Новаци за земање на кредит , донесено на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 03.08.2018 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, и ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-710/10
07.08.2018 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/02), член 21 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци бр. 5/02„), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 03.08.2018 година, донесе

О Д Л У К А

За давање Согласност на Јавното Претпријатие за Комунални Дејности „Комунална Хигиена„ Новаци-општина Новаци за земање на кредит

Член 1

Советот на Општина Новаци ДАВА Согласност на Јавното Претпријатие за Комунални Дејности „Комунална Хигиена„ Новаци-општина Новаци за земање на кредит за проектот „Симбиотски мрежи за одржливо управување со органски отпад„-СИМБИОЗА.

Составен дел на одлуката е Барањето бр. 03-51/2 од 03.08.2018 година(наш број 03-699/1 од 03.08.2018 година.

Член 2

Одлуката да се достави до Јавно Претпријатие за Комунални Дејности „Комунална Хигиена„ Новаци.

Член 3

Оваа Олука влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.14-697/13
03.08.2018 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
НаумчеСмилевски

==========

С О Д Р Ж И Н А Страна

1.Заклучок за објавување Одлука за измена на распоредот на средства на Буџетот на општина Новаци за 2018 година

2.Заклучок за објавување Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација

3.Заклучок за објавување Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација и промена на намената

4.Заклучок за објавување Одлука за одобрување набавка на градежни материјали за Месна Заедница с.Зовиќ

5.Заклучок за објавување Одлука за сопствено учество на Општина Новаци во Програмата Општинско-корисна работа ,,Учиме Заедно II,,

6.Заклучок за објавување Измена на Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Новаци
за 2018 година

7.Заклучок за објавување Одлука за учество со проект финансиран од Европска Унија, администриран од Светска Банка - Проект за локална и регионална конкурентност, Повик за изразување на интерес, Инвестиции на под-грантови во инфраструктура поврзана со туризмот и поврзувања во дестинациите LRCP – 1/18 и негова имплементација.

8.Заклучок за објавување Одлука за одобрување на финансиски придонес во проект финансиран од Европска Унија, администриран од Светска Банка – Проект за локална и регинална конкурентност (ПЛРК), повик за изразување на интерес "Инвестиции на подгрантови во инфраструктура поврзана со туризмот и поврзувања во дестинациите", бр. LRCP – 1/18

9.Заклучок за објавување Одлука за одобрување на Финансиска програма за 2018/2019 година од ЗФК ,,Новаци 2005,,Новаци(есенски дел) и за доделување на средства на ЗФК,,Новаци-2005,, Новаци за Есенска полусезона во Трета Македонска фудбалска лига на Македонија за 2018/2019 година

10.Заклучок за објавување Одлука за давање Согласност на Јавното Претпријатие за Комунални Дејности ,,Комунална Хигиена,, Новаци-општина Новаци за земање на кредит

Издавач: Совет на општина Новаци:
Редакција:
Ангелевски Стевче-одговорен уредник
Редакциски одбор:
Момоковски Ристе
Јовановска Летка
Печати: Совет на општина Новаци
Тираж: 20 примероци